РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.06-ОБ.03.06

Царинската управа на Република Северна Македонија врз основа на член 61 став 8 и член 87 став 8 од Законот за акцизите (Службен Весник број 108/19, 143/19, 225/19 и 275/19) и член 7 став 1 од Законот за Царинската управа (Службен Весник број 46/2004, .... 120/2018) донесе,

# ОДЛУКА

## за утврдување на износот на трошоците за печатење и чување на акцизните марки за обележување на тутунските производи и алкохолните пијалаци

1. Со оваа Одлука се утврдува износот на трошоците за печатење и чување на акцизните марки за обележување на тутунските производи и алкохолните пијалаци, кои Царинската управа ги наплатува од акцизните обврзници кои се регистрирани корисници на акцизни марки.

2. За акцизните марки за обележување на тутунските производи и течноста за електронските цигари од Тип 1, Тип 2, Тип 3, Тип 4 и Тип 5 утврдени во Правилникот за димензиите, формата и ознаките на акцизните марки за обележување на тутунските производи (Службен весник 246/2019) се утврдува единечна цена по парче во износ од 0,22 денари за една акцизна марка.

3. За акцизните марки за обележување на алкохолните пијалаци од Тип 1, Тип 2, Тип 3 и Тип 4 утврдени во Правилникот за димензиите, формата и ознаките на акцизните марки за обележување на алкохолните пијалаци (Службен весник 246/2019) се утврдува единечна цена по парче во износ од 1,00 денар за една акцизна марка.

4. Трошоците за печатење и чување на акцизните марки од точка 2 и 3 од оваа Одлука, акцизниот обврзник и корисник на акцизни марки ги уплаќа на сметка на буџетски корисник 0900300175 631 14 и приходна шифра 723220, програма 20.

5. Износите на трошоците за печатење и чување на акцизни марки од точка 2 и 3 на оваа Одлука ќе започнат да се преминуваат од 01.01.2021 година и ќе се однесуваат за сите поднесени пријави за планирани количини на акцизни марки поднесени од страна на акцизните обврзници почнувајќи од 01.01.2021 година.

6. Оваа Одлука се објавува на интернет страната на Царинската управа и стапува на сила на 30.12.2020 година, а ќе се применува почнувајќи од 01.01.2021 година.

7. Со донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката број 16-054234/17 – 0001 од 25.08.2017 година издадена од страна на Царинската управа.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

За обележување на тутунските производи како цигари, пури, цигарилоси, тутун за пушење, несогорлив тутунски производ, тутун за водено луле, тутун за шмркање, тутун за џвакање и течност наменета за полнење на електронски цигари се користат пет типа на акцизни марки Тип 1, Тип 2, Тип 3, Тип 4 и Тип 5, а за обележување на алкохолните пијалаци и меѓупроизводите се користат четири типа на акцизни марки Тип 1, Тип 2, Тип 3 и Тип 4. Димензиите, формата и ознаките на акцизните марки се пропишани со Правилник за акцизни марки за обележување на тутунски производи и посебен Правилник за акцизни марки за обележување на алкохолни пијалаци, објавени во Сл. Весник бр. 246/19.

Акцизните марки за обележување на тутунски производи и алкохолните пијалаци, Царинската управа ги набавува со постапка за доделување на договор за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки.

Покрај трошоците за печатењето на контролните марки, Царинската управа плаќа и надоместок за извршена услуга, чување, евидентирање и издавање на акцизни марки, почитувајќи го посебниот режим на заштита и сигурност, што предизвикува дополнителни трошоци за Царинската управа.

Врз основа на реално направените трошоци за континуирано спроведување на јавните набавки, печатењето на доволни количини на акцизни марки, безбедното чување, издавањето и администрирањето, Царинската управа ги утврдува трошоците за печатење и чување на акцизните марки кои ги наплатува од акцизните обврзници кои се регистрирани како корисници на акцизни марки.

Цената на акцизните марки утврдена со оваа Одлука се усогласува со цената за печатење утврдена со договорот за печатење на акцизни марки, како и со износот на трошоците за чување, евидентирање и издавање на акцизните марки согласно договорот склучен со НБРСМ и истата ги покрива реално направените трошоци на Царинската управа.

На определениот износ не се пресметува ДДВ, согласно член 23, став 3 од Законот за данок на додадена вредност.

Во врска со претходно наведеното се одлучи како во диспозитивот, односно се донесе одлука за утврдување на трошоците за печатење и чување на акцизните марки за обележување на тутунски производи и алкохолни пијалаци кои се наплатуваат од акцизните обврзници корисници на акцизни марки.

Оваа одлука стапува во сила со донесувањето.

Директор
м-р Гоко Танасоски

Бр. 16- 072751/20 - 0001
Скопје, 30.12.2020 година

30. 12. 2020

Доставено во оригинал до:

- Архива,
- Сектор за акцизи,
- Сектор за финансиски прашања

Изработил: Сања Убавкова

Одобрил: Весна Змајшек

Согласен: Анастас Маженковски